# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на | 19 Јуни 2015 година |
| Општина Ѓорче Петров | Скопје |
| Излегува по потреба | Бр.7 Год. X |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за престанок на важност на ОПШТ АКТ за село НОВО СЕЛО ................................ стр. 2

2. Одлука за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање „Ф"на Општина Ѓорче Петров за 2015 година ........................................................................ стр. 4


**Јуни 2015 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за престанок на важност на ОПШТ АКТ за село НОВО СЕЛО, за утврдување на услови за начинот на градење во село НОВО СЕЛО, Општина Ѓорче Петров – Скопје, за кое нема урбанистички план**

Се објавува Одлуката за престанок на важност на ОПШТ АКТ за село НОВО СЕЛО, за утврдување на услови за начинот на градење во село НОВО СЕЛО, Општина Ѓорче Петров – Скопје за кое нема урбанистички план, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесет и седмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 19.06.2015 година.

**Број 09-1730/1**
**Од 19.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник бр.5/2002), член 16 став 1 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и утврдениот текст од Предлог одлуката од Градоначалникот со број 08-2064/3 од 24.06. 2014 година, Советот на Општина Ѓорче Петров, на 37-та седница одржана на 19.06.2015година, донесе :

**О Д Л У К А**

**за престанок на важност на ОПШТ АКТ за село НОВО СЕЛО**
**За утврдување на услови за начинот на градење во село НОВО СЕЛО,**
**Општина Ѓорче Петров – Скопје, за кое нема урбанистички план**

**Член 1.**

**Со оваа Одлука престанува да важи Општиот акт за село НОВО СЕЛО,** донесен од Советот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, со одлука број 07-3669/9 од 27.08.2014 година (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.9/2014).

**Член 2.**

Со престанување на важноста на **Општиот акт за село НОВО СЕЛО,** престануваат да важат сите параметри за уредување на просторот во планскиот опфат кои се опфатени во приложените општи услови за изградба на просторот од овој Општ Акт, во сите делови: **наменските зони, нумерички показатели и графички прилози**.

**Член 3.**

Со стапување во сила на Одлуката за престанок на важност на **Општиот акт за село НОВО СЕЛО, Општина Ѓорче Петров – Скопје.** , **селото ќе се смета за населено место за кое нема урбанистичка планска документација.**

**Член 4.**

Одлуката за престанок на важност на **Општиот акт за село НОВО СЕЛО** влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08- 1682/3** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 19.06.2015 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Скопје** **Гоце Петрески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување**
**на Програмата за урбанистичко планирање „Ф"**
**на Општина Ѓорче Петров за 2015 година**

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање „Ф"на Општина Ѓорче Петров за 2015 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесет и седмата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 19.06.2015 година.

**Број 09-1730/2**
**Од 19.06.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став и член 62 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Р.М". број 5/02) и член 17 став 1 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М." број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 55/13, 163/13, 42/14 и 199/14), член 84 од Законот за градежно земјиште(„Службен весник на Р.М."број 7/11,53/11,144/12,25/13,137/13,163/13) и член 16 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен Гласник" на Општина Ѓорче Петров број 18/13"), Советот на Општина Ѓорче Петров на 37-та седница одржана на 19.06.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за Изменување и дополнување на**
**ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ „Ф 1."**
**за 2015година на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Се врши Измена и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање ф 1. за 2015 година број 07-4498/12, донесена на 26 седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на 30.10.2014година („Службен Гласник" на Општина Ѓорче Петров број 12/14").

**Член 2**

Во табелата за расходи група 42 – стоки и услуги, во делот за изработка на урбанистички планови под реден број 5, се додава реден број 6 во кој стои:

**6. "Изработка на планска документација за руралниот дел на општината: Како потреба на општината и Прифатени иницијативи за изработување или изменување и дополнување на урбанистички планови и урбанистичко – плански документации од член 7, урбанистичко проектна документација од член 51 и член 52 и Општи акти од член 84 и Прирачникот за водење на постапката за донесување и изготвување на Општи акти од Март-2014година, финансирани со средства обезбедени од подносителот на барањето, согласно член 20 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М"број 199/14 и 44/15).**

**Член 3**

Оваа одлука за Изменување и дополнување, станува составен дел на Програмата за урбанистичко планирање „Ф" на Општина Ѓорче Петров за 2015година.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за урбанистичко планирање, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој да изработи пречистен текст на Програмата за урбанистичко планирање „Ф 1." на Општина Ѓорче Петров за 2015година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08- 1682/4**
**од 19.06.2015 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Гоце Петрески с.р.**